Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-3705/7 од 14.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 14.07.2014 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се овластува в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во име на Агенцијата, да го потпише Договорот за приклучување на дистрибутивната мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучокот над 40kW, со ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за диструбуција на електрична енергија, Скопје.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со цел континуирано и непречено извршување на активностите кои произлегуваат од Договорот за градење на административниот објект (03-91513 од 11.09.2013 година, бр.03-3706/1 од 11.09.2013 година, бр.03-985/1 о 11.09.2013 година и бр.22-1326/65 од 11.09.2013 година), склучен меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-3705/7 од 14.07.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 14.07.2014 година донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр.** 02-3721/1

14.07. **2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- сите членови на Советот на Агенцијата;
- в.д. Директор, д-р Зоран Трајчевски;
- Раководителот на Стручната служба на Агенцијата;
- сите раководители на Секторите во Агенцијата;-
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.